правна
арх. Тања Паскали

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), согласно член 106 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20) постапувајќи по Жалбата изјавена од Граѓанска иницијатива Охрид СОС,поднесена преку овластеното лице Драгана Велковска,противНационална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на17.02.2023 година, го донесе следното

Република Северна Македонија,
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
MONUMENTEVE TË KULTURES DHE
Примено/E pranua 24.02.2023
Орг. Един. Njësia.Org. 03 | Број Numër 186/5 | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Жалбата изјавена од Граѓанска иницијатива Охрид СОС, поднесена преку овластеното лице Драгана Велковска,противНационална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид, заведена во Агенцијата под бр.08-65 на 01.02.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер,**поради тоа што Жалбата се смета за повлечена**.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Како што е наведено во Жалбата Граѓанска иницијатива Охрид СОСна 30.12.2022 година, поднела Барање за пристап до информации од јавен карактер доНационална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид, со кое побарала по е-маил да му се достави електронски запис од следните информации:

"Во врска со проект за изградба на станбен објект на ул.Христо Узунов бр.17 во стариот дел на Охрид, КП 15972, КО Охрид 3;

-Знаејќи дека УЗКН и Завод и музеј Охрид преземаа активности за усогласување помеѓу инвеститорот и соседите, како и

-Имајќи го во вид мислењето со бр.УПП 03-11 од 29.12.2020 г. од Комисијата за управување со природното и културно наследство на Охридскиот Регион,

1. Бараме информација за тоа која е конечниот исход, да ни се доставатдетали за тоа колкава гадба ќе се гради на КП 15972, КО Охрид 3. Да ни биде доставена соодветна документација.

2.Дали УЗКН издале ново Конзерваторско решение врз основа на адаптирани конзерваторски услови, односно како е постапено шпо милењето на Комисијата за управување со Охридскиот Регион? Да ни биде доставена соодветна документација."

Како што се наведува во Жалбата, Имателот на информации по ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информации на 01.02.2023 година поднесе Жалба до Агенцијата, заведена во архивата на Агенцијата под бр.08-65.

Агенцијата со електронски допис бр.08-65 од 01.02.2023 година, ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации до Агенцијата на 07.02.2023 година по електронски пат достави допис „Доставување на целокупна документација во врска со предметна жалба" бр.13-186/4 од 07.02.2023 година, заведено во Агенцијата под бр.08-65, со кој ја известува Агенцијата дека е постапено по барањето на Барателот. Во прилог го достави и дописот насловено до Барателот на информации.

На 17.02.2023 година Барателот на информации до Агенцијата достави е-маил заведен во Агенцијата под бр.08-65, во кој наведува дека: „...Во врска со наша жалба од 31.01.2023г., потврдуваме дека НУ Завод за заштита на спомениците и музеј Охрид ги достави бараните информации. Ви благодариме за ангажманот и се извинуваме за задоцнетата информација од до Вас.".

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер,

согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за општата управна постапка **ЈА ЗАПРЕ ПОСТАПКАТА** по Жалбата, поради тоа што Барателот истата ја повлекол пред донесување на управен акт од второстепениот орган.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-65
17.02.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP